РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2090/4
29-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2090/1 од 29.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, за предметниот случај.

Предметот со број 12-2090/1 од 29.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2090/1 од 29.07.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно работење од страна на службени лица во ///, заради непостапување по пресуда на Управен суд на РСМ /// бр. /// од /// година, по поднесена тужба од подносителот, а ова по основ поништување на решение од страна на претходно наведениот орган по изјавена жалба од подносителот во јавна набавка.

Со цел испитување на наводите од пријавата за предметниот случај, ДКСК побара надлежно постапување од страна на Државниот управен инспекторат на РСМ. Овој орган ја извести ДКСК дека спровел вонреден инспекциски надзор во /// по што утврдил дека причините за непостапувањето на /// се должат на немањето информација по однос на прашањето дали предметната пресуда е

правосилна, за да може овој орган да постапи по истата. /// во повеќе наврати се обратила на Управен суд на РСМ, од каде бил побаран податок по однос на прашањето дали предметната пресуда е правосилна и по добивањето на овој податок, пристапила кон повторно постапување и одлучување по жалбата на подносителот, по што на /// година донела Решение бр. /// од /// година, кое по електронски пат е доставено до подносителот. Следствено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил надлежниот орган, поради што оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Т. Д., претседател

Доставено до:
- Подносителот